Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Број 82, 15 јуни 2012 година

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

јуни 2012 година

Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област социологија на културата и општа социологија на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент од научните области методи на теоријата на системот и системска анализа и теорија на одлучување на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот “English language teaching methods and approaches” („Методи и приоди во наставата по англиски јазик“) од авторите доц. д-р Нина Даскаловска и доц. д-р Билјана Ивановска од Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........16

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........18

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ОД НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ МЕТОДИ НА ТЕОРИЈАТА НА СИСТЕМОТ И СИСТЕМСКА АНАЛИЗА И ТЕОРИЈА НА ОДЛУЧУВАЊЕ НА МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип на седница одржана на 10 мај 2012 г. донесе Одлука бр.2702-115/5 за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден **асистент** за наставно-научното подрачје ***техничко-технолошки науки***, поле ***индустриско инженерство и менаџмент,*** научни области ***методи на теоријата на системот и системска анализа*** и ***теорија на одлучување*** на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, во состав:

– доц. д-р Симеон Симеонов (претседател);
– доц. д-р Славчо Цветков (член);
– доц. д-р Дејан Мираковски (член).

Рецензентската комисија во наведениот состав ги разгледа приложените документи од објавениот Конкурс во весниците „Дневниник" и „Лајм", од 3 април 2012 г., за избор на асистент од научните области ***методи на теоријата на системот и системска анализа*** и ***теорија на одлучување.*** Согласно со Законот за високото образование и актите на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, Комисијата го предлага следниот извештај:

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс во весниците „Дневник" и „Лајм", на 3 април 2012 г., за избор на асистент за наставно-научното подрачје ***техничко-технолошки науки***, поле ***индустриско инженерство и менаџмент,*** научните области ***методи на теоријата на системот и системска анализа*** и ***теорија на одлучување*** се пријавил еден кандидат - **м-р Емилија Ристова**, магистер по машински науки, вработена на Машинскиот факултет во Виница.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Емилија Ристова** е родена на 14 октомври 1978 година во Кочани, Република Македонија. Основно и средно образование завршува во Кочани, со континуиран одличен успех. Во учебната 1997/1998 година, високото образование го продолжува на Машинскиот факултет во Скопје. Дипломира на 10 октомври 2002 година на насоката Термотехника и термоенергетика, со просечен успех 9,58. Во текот на студирањето, за секоја студиска година е одликувана со пофалница за постигнат одличен успех. Поради одличните резултати, за време на студиите на Машинскиот факултет во Скопје е добитник на стипендија за талентирани студенти од Министерството за образование и наука на Република Македонија. Во текот на три студиски години, односно во период од шести семестри, м-р Емилија Ристова е ангажирана како демонстратор за предмети на додипломските студии на повеќе студиски насоки кои ги покрива Катедрата за математика и информатика на Машинскиот факултет во Скопје. Кандидатката со свој труд учествува на Летна академија која се одржала во Охрид, во септември 2000 година, а е организирана од страна на DAAD организацијата и универзитетите Нуренберг-Ерланген и Аусбург, Германија. За време на додипломските студии, во период од јули до октомври 2001 година, м-р Емилија Ристова остварува студентска практика во фабриката Siemens&Framatome AG во Ерланген, Германија, каде што работи на анализа на притисоците и нивна оптимизација кај Бенсон котлите.

Во учебната 2006/2007 година се запишува на постдипломски студии на Машинскиот факултет во Скопје, на Институтот за производно машинство, насока Индустриско инженерство и менаџмент. Магистрира во февруари 2009 година со просечен успех 9,71 на тема „Анализа на системите за менаџмент на односите со корисниците во однос на перцепцијата за времето на опслужување".

М-р Емилија Ристова од јануари 2012 година е докторски кандидат на Институтот за производно машинство, насока Индустриско инженерство и менаџмент на Машинскиот факултет во Скопје и притоа работи на изработка на докторска дисертација на тема „Оптимизациона техноекономска анализа за инвестициски одлуки при имплементација на софтверски системи за управување со животниот циклус на производите". При развојот на системскиот модел, м-р Емилија Ристова остварува еднонеделен студиски престој на Техничкиот универзитет во Минхен, Германија, на Институтот за автоматизација и информациони системи. Од големо значење при изработката на докторската дисертација е и нејзиното учество на обуката за Teamcenter PLM Siemens (софтверски пакет за ефикасно управување со животниот век на производите, производ на компанијата Siemens Industry Software Ltd.), спроведена од овластени претставници на компанијата Siemens Industry Software Ltd. и ITS-Industrial Technology Systems, при што кандидатката се стекнува со практични искуства од примената на ваков софтверски пакет и се запознава со можните начини на справување при управување со големи количества податоци и нивно складирање.

Активно го владее англискиот јазик, за што има доставено соодветна потврда во нејзината апликација за избор на асистент.

***Професионален развој***

По дипломирањето, м-р Емилија Ристова се здобива со работно искуство во неколку компании во земјава. Во периодот од 2003 година до 2007 година работи во компанијата за производство и продажба на компјутерска опрема и фискални каси „Акцент компјутери" во Скопје, на работните позиции: менаџер за продажба и сервис на компјутерска опрема и менаџер за квалитет.

Од 2007 година до 2009 година работи во компанијата ВИП оператор ДООЕЛ, член на Mobilkom Austria Group, на работна позиција координатор на проекти и процеси. Кандидатката има повеќегодишно работно искуство во доменот на информатичката технологија, употребата на новите мобилни дигитални платформи и софтверските пакети за управување со системите за менаџмент на односите со корисниците. Активно учествува во развојот и имплементацијата на нови апликации при реализацијата на проектни задачи за новите мобилни платформи (Blackberry), преносливост на броеви во мобилната телефонија (Mobile Number Portability), како и имплементација на информациски системи за успешно управување на односите со корисниците (CRM – системи).

Од септември 2009 година е вработена на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип како помлад асистент и притоа е одговорна за спроведувањето на вежбите по предметите: Информационо-управувачки системи, Системи за квалитет и стандарди, Индустриски менаџмент, Ергономија, Термодинамика и термотехнички уреди, Заштита на животната околина, Електротехника и електроника, Управување со отпад, Инженерска логистика и Нумеричка математика. Дополнително е ангажирана во Центарот за обезбедување на квалитет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип за имплементација на стандардот за управување со квалитет, ИСО 9001:2008. Автор е на интерна скрипта од вежби по предметите Информационо-управувачки системи и Системи за квалитет и стандарди.

***Научноистражувачка дејност***

Кандидатката, откако се здобива со соработничко звање помлад асистент, значително вложува во научноистражувачката дејност. Нејзината научноистражувачка активност се состои од научни трудови публикувани во меѓународни списанија (прикажани во прилог под редни броеви од II-1 до II-6) и научни трудови на меѓународни конференции и конгреси (прикажани во прилог под редни броеви од II-7 до II-14), во чијашто изработка активно учествува како автор или коавтор.

Во тој контекст, ќе издвоиме: м-р Емилија Ристова е автор (и коавтор) на трудови објавени во научно списание со меѓународен уредувачки одбор “International Journal of Engineering Science and Technology” (IJEST™) со СЦИ/ЦА ICV 3.141, како и трудови објавувани последователно во неколку години во научно списание со меѓународен уредувачки одбор “International web based journal for science, techniques and innovations for the industry”, индексирано во Американската научна база CAS и во Националната германска библиотека во Лајпцих.

Исто така, таа е автор на апстрактот публикуван во списанието “Current Opinion in Biotechnology” (Impact Factor 8.486), Volume 22, Supplement 1, и коавтор на научен труд објавен во зборникот на трудови на научната конференција SGEM со референцирани податоци во CRossREF и Scopus научната база. Од нејзините трудови објавувани во зборници на трудови на меѓународни научни конференции, дополнително може да ги издвоиме трудовите публикувани на престижната конференција за иновативни технологии “In-Tech” во Словачка и Интернационалната научна конференција за индустриски системи во Нови Сад, Србија.

***Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност***

Кандидатката своето образование континуирано го надградува преку учество на обуки и семинари, при што се здобива со повеќе сертификати важни за областа во која се прави изборот (прикажани во прилог под редни броеви од III-5 до III-18), а меѓу кои се издвојуваат: Стопанска комора на Македонија (Интернационални стандарди, нови поими и интранет), Стопанска комора на Македонија (Е-бизнис и Интернет маркетинг), TÜV Rheinland Romania (Certificated Specialist for QMS according to EN ISO 9001:2008, Registration Nu.: 561-2011), TÜV Rheinland Romania (Certificated Internal Auditor for Quality Management Systems according to EN ISO 9001:2008 and EN ISO 19011:2002, Registration Nu.: 643-2011), Siemens Industry Software Ltd & ITS (Siemens PLM Teamcenter software professional training), Primas Consulting Unternehmensberatung GmbH (Project Management Take Off 1 & 2), Kosmo Innovation Center (Protection and information security, ECVET 0.5), SINTEF Group (Seminar of Supply Chain Management), American Councils – JFDP (Workshop “Active learning in large student groups - an impossibility or challenge”) и други.

Кандидатката учествува во Комисијата за изготвување на нова студиска програма на Машинскиот факултет во согласност со Одлуката од Ректорска управа за отворање на дисперзирани студии во Струмица, на Студиска програма - Транспорт, организација и логистика, како и во други комисии во врска со наставно-образовни прашања, организациско-развојна дејност на Универзитетот и негова промоција (прикажани во прилог под редни броеви од III-1 до III-4).

М-р Емилија Ристова е член на Интернационалниот организациски одбор на престижниот интернационален Конгрес “Machinery, Technology, Materials”, кој традиционално се одржува во Република Бугарија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложените материјали, Рецензионата комисија смета дека формално-правно кандидатката м-р Емилија Ристова го исполнува условот за избор во асистент на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисија со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ –Штип, кандидатката **м-р Емилија Ристова** да биде избрана за **асистент** за наставно-научното подрачје ***техничко-технолошки науки***, поле ***индустриско инженерство и менаџмент***, научни области ***методи на теоријата на системот и системска анализа*** и ***теорија на одлучување.***

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Симеон Симеонов, с.р.**
**Доц. д-р Славчо Цветков, с.р.**
**Доц. д-р Дејан Мираковски, с.р.**

## П Р И Л О Г

**кон рефератот за избор на асистент од научните области методи на теоријата на системот и системска анализа и теорија на одлучување на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип**

**I. Наставно-образовна дејност**

| **Р. бр.** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | Интерна скрипта од вежби по предметот Информационо-управувачки системи | 2 |
| **2.** | Одржување на вежби на прв циклус студии за учебните 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012 (16 X 0.5 X 3) | 24 |
| **3.** | Член на Комисија за спроведување на постапката за комисиско полагање на завршен испит за прв циклус на студии на тема „Економска и енергетска ефикасност на рамни сончеви системи за подготовка на топла вода за санитарни потреби” (2703-71/3, 16.9.2011) | 0.2 |
| | **Вкупно** | **26.2** |

II. **Научноистражувачка дејност**

| **Р. бр.** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Трудови со оргинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати)** | |
| **1.** | **Ristova E.**, Stefanovski J., Stefanovska Lj, *Attributes and success factors of partnering relations trough supply chains, JIT case study for a manufacturing company*, The VII International Congress “Machinery, Technology, Materials”, International virtual journal for science, techniques and innovations for the industry, Year IV, ISSN 1313-0226, Issue 6/2010, pp. 57-59, Bulgaria, 2010 (http://mech-ing.com/journal/6-2010.html) | 3 |
| **2.** | **Ristova E.**, Markov Z.,*The importance of development and implementation of national environmental strategy for manufacturing companies*, The 19th International Scientific and Technical Conference on Transport, Road-Building, Agricultural, Hoisting & Hauling and Military Technics and Technologies, International virtual journal for science, techniques and innovations for the industry, Year V, ISSN 1313-0226, Issue 3/2011, pp. 47-50, Bulgaria, 2011 (http://mech-ing.com/journal/3-2011.html) | 3 |
| **3.** | Panov Z., **Ristova E.**, Stefanovska Lj., *Supply chain’s performance measurement system – An integrated framework*, The VIII International Congress “Machinery, Materials, Technologies”, International virtual journal for science, techniques and innovations for the industry, Year V, ISSN 1313-0226, Issue 2/2011, pp. 22-25, Bulgaria, 2011 (http://mech-ing.com/journal/2-2011.html) | 3 |
| **4.** | Serafimovska H., **Ristova E.**, *The Impact Of Leadership On Achieving Total Quality Management,* The VIII International Congress “Machinery, Materials, Technologies”, International virtual journal for science, techniques and innovations for the industry, Year V, ISSN 1313-0226, Issue 7/2011, pp. 26-28, Bulgaria, 2011 (http://mech-ing.com/journal/7-2011.html) | 3 |
| **5.** | **Emilija Ristova**, Zoran Panov, Tena Sijakova-Ivanova, *Using the AHP Methodology to evaluate strategic investment alternatives of new paradigms in information technology*, International Journal of Engineering Science and Technology (IJEST), ISSN : 0975-5462, Vol. 4 No.02, pp. 710-715, February 2012 (http://www.ijest.info/docs/IJEST12-04-02-024.pdf) | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| **6.** | Zoran Panov, Tena Sijakova-Ivanova, **Emilija Ristova**, *Concentration of trace elements in some coals from Republic of Macedonia, with emphasis on the potentially hazardous*, International Journal of Engineering Science and Technology (IJEST), ISSN : 0975-5462, Vol. 4 No.02, pp. 716-720, February 2012 (http://www.ijest.info/docs/IJEST12-04-02-035.pdf) | 6 |
| **Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник со трудови на научен собир** | | |
| **7.** | **Emilija Ristova**, Zoran Panov, *An approach of system analysis of CRM and improving customer satisfaction trough the management of perception waiting*, Proceedings of Natural resources and technology, Volume IV, Faculty of Natural & Technical Sciences, Goce Delcev University Stip, Macedonia, 2010 | 1 |
| **8.** | Ljubica Stefanovska, **Emilija Ristova**, *Innovative Employee Reward Methods Use and Its Linkage with Employee Motivation and Performance*, The 4th International Conference for Entrepreneurship, Innovation and Regional Development, Proceedings ISBN 978–608–65144-2-6, pp. 1116 – 1123, Macedonia, 2011 | 1 |
| **9.** | Panov Z., **Ristova E.**, Stefanovska Lj, *Enviromental strategies in the mining: The importance of development and implementation national environmental strategy for waste treatment,* The 11th International Multidisciplinary GEOConference SGEM 2011, Cross Ref SCOPUS, Indexed in ISI Web of Knowledge, Conference Proceedings Volume VIII, pp. 319-326, Bulgaria, 2011 | 2 |
| **10.** | **E. Ristova**, Z. Panov, H. Serafimovska, *Manufacturing strategy, total quality management and HR strategy: an integral performance measurement model*, International Conference on Innovative Technologies In-Tech 2011, Proceedings of International Conference on Innovative Technologies ISBN 978-80-904502-6-4**,** pp.462-464, Slovakia, 2011 | 2 |
| **11.** | D. Mirakovski, Lj. Stefanovska, **E. Ristova**, *TQM and Higher Education Institutions: Issues regarding the implementation process at Integrated State University*, International Conference on Innovative Technologies In-Tech 2011, Proceedings of International Conference on Innovative Technologies ISBN 978-80-904502-6-4**,** pp.381-383, Slovakia, 2011 | 2 |
| **12.** | **Emilija Ristova**, Valentina Gecevska, *AHP methodology and selection of an advanced information technology due to PLM software adoption*, Proceedings of XV International Scientific Conference on Industrial Systems, ISBN 978-86-7892-341-8, COBISS.SR-ID 266010119, pp. 588-562, Novi Sad, Serbia, 2011 | 2 |
| **13.** | Hristina Serafimovska, Ljubica Stefanovska, **Emilija Ristova**, *Factors concerning the economics growth: HR development in institutions that support entrepreneurship*, Proceedings of The 1th REDETE Conference, Economic Development and Entrepreneurship in Transition Economies; A Review of Current Policy Approaches, **Cross Ref EBSCO,** ISSN 2233-1034, pp. 673-679, Bosnia and Herzegovina, 2011 | 2 |
| **14.** | Panov Zoran, Jovcevski Saso, **Ristova Emilija**, Mitrevski Blagojce, Doneva Blagica, *Trend analysis in assessment of slope stability on working bench in open pit coal mines*, Vth International Conference COAL 2011, Conference proceedings ISBN 978-86-83497-17-1, pp.254-262, Zlatibor, Serbia, 2011 | 2 |
| **Учество на научен собир со реферат (постер/усно) во земјава и во странство** | | |
| **15.** | Постер-презентација на VIII International Congress "Machines, Technologies, Materials" 19-21.9.2011, Varna, Bulgaria | 1.5 |
| **16.** | Усна презентација на European Biotechnology Congress 2011, 28.9-1.10.2011, Istanbul, Turkey | 2 |
| | **Одбранета магистерска работа** | |
| **17.** | Анализа на системите за менаџмент на односите со корисниците во однос на перцепцијата за времето на опслужување | 4 |
| **Член на организациски или научен одбор на научен собир** | | |
| **18.** | Член на International Organizing Committee на 9th International Congress "Machines, Technologies, Materials" 19-21.9.2012, Varna, Bulgaria | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| **Студиски престој во странство** | | |
| **19.** | Letter of Invitation by the Chair of Automation and Information Systems, Technical University of Munich (16-19.04.2012); Одлука за одобрување на отсуство за патување во странство (2702-112/11, 10.4.2012) | 8 |
| | **ВКУПНО** | **55.5** |

**III. Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност**

| **Р. бр.** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Член на факултетска комисија, орган** | |
| **1.** | Комисија за спроведување на попис на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (0701-1195/16, 18.11.2011) | 2 |
| **2.** | Комисија за упис на студенти на Машинскиот факултет за студиската 2010/2011 година (2702-46/4, 4.6.2010) | 2 |
| **3.** | Комисија за упис на студенти на Машинскиот факултет за студиската 2011/2012 година (2703-62/1, 7.7.2011) | 2 |
| **4.** | Комисија за изготвување на нова студиска програма на Машинскиот факултет во согласност со Одлуката од Ректорската управа за отворање дисперзирани студии во Струмица, на студиска програма Транспорт, организација и логистика (2702-3/7, 22.2.2010) | 2 |
| **Техничко унапредување** | | |
| **5.** | Economy chamber of RM, E – business and Internet marketing, 2.6.2004, Skopje, Macedonia | 2 |
| **6.** | Economy chamber of RM, International standards, new terms and Intranet, 3.6.2004, Skopje, Macedonia | 2 |
| **7.** | International Trade Centre, Successful Services Exporting Workshop, 29.6.2004, Skopje, Macedonia | 2 |
| **8.** | Certificated ISO/DIS 19011 Internal auditor, 10-11.11.2004, Quality Management Center, Skopje, Macedonia | 2 |
| **9.** | Workshop "Active learning in large student groups - an impossibility or challenge", American Councils – JFDP, 30.9.2010, Stip, Macedonia | 2 |
| **10.** | Certificated Specialist for QMS according to EN ISO 9001:2008, 23.9.2011, TÜV Rheinland Romania (Registration Nu.: 561-2011) | 2 |
| **11.** | Certificated Internal Auditor for Quality Management Systems according to EN ISO 9001:2008 and EN ISO 19011:2002, 21.10.2011, TÜV Rheinland Romania (Registration Nu.: 643-2011) | 2 |
| **12.** | Siemens PLM Teamcenter software professional training, Siemens Industry Software Ltd & ITS, 23-27.5.2011, Skopje, Macedonia | 2 |
| **13.** | Protection and information security, Kosmo Innovation Center, 29.01.2011, Skopje, Macedonia (ECVET 0.5) | 2 |
| **14.** | Project Management Take Off 1 & 2, Primas CONSULTING Unternehmensberatung GmbH, 5-6.6.2008 & 16-17.7.2008, Skopje, Macedonia | 2 |
| **15.** | SINTEF Group seminar of Supply Chain Management, 26-27.10.2006, Skopje, Macedonia | 2 |
| **16.** | B.EN.A (Balkan Environmental Association), International Training Center Of Environmental Professionals, 3.2.2003–14.03.2003, Skopje, Macedonia | 2 |
| **17.** | Siemens&Framatome AG, Professional training, 3.7.2001–12.10.2001, Erlangen, Germany | 2 |
| **18.** | Summer academy Ohrid 2000, 2.9.2000–13.09.2000, DAAD Organization and Universities of Erlangen-Nuremberg and Augsburg, Germany | 2 |
| | **ВКУПНО** | **36** |
| | **ВКУПНО I+II+III** | **117.7** |